ЗА ПОСТАВЕНОСТА НА СПОРОТ СО ГРЦИЈА

# Името и идентитетот



ДИМИТАР ДИМИТРОВ

**Ваквата археолошка, етнолошка и историска дигресија од правно-политичкиот спор за името на државата, објективно би претставувала харикири на таа наша држава и на нејзиното мнозинско славјанско население. Спротивно на декларираната телеологија, натпреварот во претензиите на образот на Александар би имал за последица идентификација меѓу една шизофрена Грција и една шизофрена Македонија**

Сегашното грчко фокусирање врз нашето име не е премиерно; премиерата се играла пред повеќе од еден век. Но, не е ни реприза, туку антиреприза, бидејќи сегашната позиција на Грција е дијаметрално спротивна на тогашната.

Грчкото кумство е пример за ономастички интервенции врз името пресметани на промени на умот/идентитетот на именуваниот. На тој аспект на грчкото манипулирање со името Македонија своевремено обрнал внимание Кузман Шапкарев (во писмо до Марин Дринов од 1888 година), кој во тоа открил „лукава цел - прв чекор кон погрчување“. Заедничко на тогашното и на сегашното грчко актуализирање на името, е поврзаноста со глобални системски промени. Во првиот случај - со распаѓањето на Отоманската империја, сега - со распаѓањето на Југославија.

## ПРОПАГАНДНА ШЕМА

И во првиот и во вториот случај се работи за вид соработка меѓу глобални, регионални и локални фактори. Во првиот случај таа соработка се одвивала во рамките и според принципите на Реалполитик(ата), што ги условило решенијата на Берлинскиот конгрес, кој ја подготвил Македонија за иден плен на соседите. Освен со убивање и протерување на нашите предци, погрчувањето на Македонија се вршело и со непосредна нивна асимилација, преку закана и примена на насилство и преку теориско убедување. Последниот метод грчката држава го развила во пропагандна шема каде централно место му се придава на името. Од Македонија се изведува население кое се идентификува со античките Македонци од грчката етномитологија, во која тие се синоним за етнички Грци. При тој родов идентитет, специфична разлика прави јазикот на живите Македонци. „Поминале Славјаните и ве пославјаниле“, му објаснува Каравангелис на вмровскиот војвода Коте (Македонската борба). Така пославјанетите Грци станале Славомакедонци - „славофони по јазик но Грци по душа“ (Каравангелис, кого го читав во оригинал, како Грк по раѓање, но не „Грк по род“ - дистинкција која грчката демократија ја имплементира како грчка етнократија и ме чини прогонување, одземање на државјанството и забрана за влегување во Грција).

Во таа пропагандна шема Славјаните остануваат фантом. Како тие успеале на потомците на Александар Велики да им го пресадат својот јазик при нивното поминување низ Македонија, колку се задржале тука, каде отишле - не се објаснува. Но превезот се трга со асоцијацијата на Фалмераер, со тезата на германскиот историчар за пресудноста на славјанскиот елемент во масата на современата грчка нација. Пропагандната шема на македономахите, зад која до денес стои грчката држава, е обрната и вулгаризирана реплика на Фалмераер!

Бидејќи грчката експанзија соодветсвувала со раздорот на Европа, таа реплика била успешно имплементирана.

Сегашната актуализација на името се врши во услови на помирување и обединување на Европа, кога тоа име претставува прецизен политоним Република Македонија, па дотолку е во дисонанца спрема новата европска реалност.

Формалната конструкција на таа дисонанца има карактер на паралогизам. И сега, како пред еден век, се исходува од поимот Македонија, но додека тогаш нашите предци се убедувале во идентитетот на античка Македонија, сега им се оспорува името Македонија. Политонимот Република Македонија се гаѓа со топонимот Македонија, така што географската Македонија се поделува на области (грчки - хора), Република Македонија се сведува на област, помала од грчката област Македонија, па се заклучува дека како таква нема право да се вика Република Македонија или се бара дополнителна географска специфика - северна или горна за да се разликувала од грчката област Македонија, која се подразбира како јужна или долна.

## СВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТОНИМОТ НА ТОПОНИМ

Негацијата на државата/нацијата се извршила веќе со тоа сведување на политонимот во топоним. Таквите



географски спецификации се можни при идентични родови и поими, за да се разликува област од област или држава од држава. „Република Северна Македонија“ имплицира не област јужна Македонија, туку „Република Јужна Македонија“. Тоа претпоставува или грчката област Македонија да се промовира во самостојна држава, или со тоа име да се преименува Република Грција.

Оваа паралогична конструкција, произлезена од мешањето на топонимот/ хоронимот, етнонимот и политонимот (Македонија), на соодветен начин се рефлектира и во Република Македонија. Ако пред еден век вмровците воделе војна на живот и смрт со адептите на грчката теорија за нашето потекло од Александар Велики, денес постои опасност таа теорија да се промовира во наша национална идеологија, со чија помош би ја воделе битката за името. Поентата на оваа варијанта е дека ние сме крвни потомци на античките Македонци, ама Грците не се тоа. Античките Македонци не биле Грци.

Не бил Грк ни Букефал, се разбира!

Ако пред еден век грчката теорија за нашето потекло од античките Македонци била во функција на освојување и етничко чистење/погрчување на реална Македонија, прифаќањето на сегашната „наша“ варијанта на таа теорија би значело освојување и вршење етничко чистење на една виртуелна Македонија, од која би се протерале одамна починатите Грци, но и живите Македонци од славјанско потекло. Би се реконструирала чиста античка Македонија на чисти антички Македонци, какви што би се самопрепознале поминувајќи курс на одродба, препишан од Каравангелис. Преку тоа самопрепознавање, би се самоидентификувале со Филип Втори, со Александар Велики и со нивната фаланга, па би се самопоставиле на цивилизацискиот врв кој гордо се вишнее над регионот, над Европа, над Америка.

Ваквата археолошка, етнолошка и историска дигресија од правно-политичкиот спор за името на државата, објективно би претставувала харикири на таа наша држава и на нејзиното мнозинско славјанско население. Спротивно на декларираната телеологија, натпреварот во претензиите на образот на Александар, би имало за последица идентификација меѓу една шизофрена Грција и една шизофрена Македонија. Грчкото етничко чистење на Македонија од Славјаните од пред еден век, сега би го продолжиле живите „антички“ Македонци, разбудени од милениумскиот славјански сон како клонови на Александар, во кои го положуваат својот идентитет и ја повикуваат нацијата тоа да го браниме пред светот со правото на идентитетот.

Пред нас е трагикомично грчко-македонско препелкање со непрецизна употреба на името Македонија. Кога Караманлис се декларира за Македонец, како аргумент против името Република Македонија, тој идентификува хороним со политоним. Неговото македонство е обласна определба при грчка национална припадност, додека македонството на државјанин на Република Македонија е национална определба, која од своја страна не подразбира нужно идентификација со античките Македонци, туку со државата посредувана со антифашистичка Европа (како југословенска федерална република) и со демократска Европа во обединување (како самостојна држава).

Но, спорот за името не се должи само на епистемиолошко и логичко огрешување. Покрај тој спор, новата самостојна држава ја пречека опит на Мицотакис и Милошевиќ за нејзина делба, економска блокада, интервенции во уставното уредување(!) - акти што припаѓаат на Европа од пред еден век. При такво исходување, нема решение на спорот за името. При исходување од новата европска реалност, со Република Македонија како нејзин легитимен елемент, нема место за таков спор.

Парадоксот до кој, така, допираме, спорот за името го прави актуелен вид на македонското прашање и како на таков му дава глобален карактер. Како што за тогашното решение на македонското прашање со Берлинскиот конгрес одговорноста историски останува на „Европскиот концерт“ (великите сили), така за решението на спорот за името се одговорни ЕУ, НАТО и ОН. Сведувањето на спорот на билатерално прашање издава површен пристап или свесно депроблематизирање и рационализација пред една византинска диверзија врз постблоковското европско и евроатлантско рекомпонирање. Промоцијата, пак, на тоа „билатерално прашање“ - што е само по себе контрадикторно и цинизам - во услов за европско и евроатлантско интегрирање на државата, ја брише границата меѓу, за нас, една грда Европа, и Европа на нашите надежи.

Во еден детал се рефлектираат двете основни тенденции на европскиот и на глобалниот поредок - силата и националниот интерес наспроти демократските стандарди и човековите права. Грчката позиција ја зрачи тенденцијата на силата, кристализирана и во самата современа грчка држава како апогеј и крај на реалполитиката. Но од крахот на концептот (на реалполитиката) до воспоставувањето нов концепт (на новиот светски поредок) не се дојде со академска расправа и со административно решение; меѓу нив се протегна низа од војни (Балканските, Првата и Втората светска војна), со прапрашина во Берлинскиот конгрес.

Според истата логика, што е содржана и во поимот на тенденцијата, победата на идеализмот на Гледстон, на Вилсон и на другите големи американски претседатели, не значи реална елиминација на силата. Тој идеализам ги посредува ОН и други меѓународни организации, ЕУ, НАТО по ладната војна, но веќе во структурата на тие асоцијации удел има и силата, а понекогаш и за целите на идејата се применува сила (против диктатори, меѓународниот тероризам и организираниот криминал). Тоа е парадокс на човекувањето што го рефлектираат философски и религиозни системи.

Во тој контекст спорот за името е кристален тест. Тој се покрена против една нова демократија, во која еволуира една федерална република при победата на демократијата на просторот на Титова Југославија, откако пропадна споменатиот опит на Мицотакис и Милошевиќ да ја повторат 1913 година, со делба на новата држава - како софистицирана, плаузибилна тактичка алтернатива. Како таков, спорот за името не е само акт на стратегија на „разградување на основите на македонската нација“, како што го дефинира тогаш данскиот МНР Јенсен, туку и опструкција на обединувањето на Европа, на ЕУ, и на НАТО.

## ПОНИЖУВАЊА И СТАПИЦИ

Според тоа, од гледна точка на новата тенденција, на правото и на демократијата, спорот за името по дефиниција е пораз. Во прв ред на Грција, но и на ЕУ, на НАТО и на ОН. Во мерата во која овие организации ќе и повладуваат на Грција и ќе допуштат деструктивниот потенцијал на спорот да се истури врз кревките плеќи на македонската демократија, до толку тие ќе ги негираат внатрешните постулати врз кои самите се поставени и својата „сопствена чест“ (Вилсон).

Приемот на РМ во ОН со привремената референца, Лисабонската декларација на ЕУ за името, Букурешкиот самит на НАТО со грчкото вето на нашиот прием, се понижување до понижување на самите тие организации. Генералниот секретар на ОН тогаш, Бутрос Бутрос Гали, и експлицитно така го дефинира приемот на РМ во ОН и избегна да учествува во тој „недостоинствен“ чин.

Превенцијата од вакви стапици и падови, условени со априористичка солидарност или со принципот на консензусот, налага перманентно моделирање/реформирање на административните прописи и процедури, водени со духот на обединувањето и споделувањето, кој врз злото на Балканските војни го заветувал раководителот на Карнегиевата комисија Де Констан: „Како за малите држави, така и за големите земји, нема никаков спас и никаков исход освен низ обединување и помирување“. Во светлината на ова благородно пледоаје од пред еден век, т.н. Западен Балкан, спорот со името и проблемот на Косово, се трагични поревања на Европа.

**Убедувањето упатено од функционери од НАТО и ЕУ кон нашата држава да ги задоволиме грчките барања, со аргументот на статусната предност на Грција како членка на НАТО и ЕУ, повеќе прилега на цинизмот на Дизраели и на Бизмарк отколку на благородството на Гледстон и на државништвото на Де Гол. Можеби на етосот на овие организации им соодветствува посправедливо и подостоинствено решение од она да се скине конецот кај што е најтенок**

Убедувањето упатено од функционери од НАТО и ЕУ кон нашата држава, во крајна линија, да ги задоволиме грчките барања, со аргументот на статусната предност на Грција како членка на НАТО и ЕУ, повеќе прилега на цинизмот на Дизраели и на Бизмарк отколку на благородството на Гледстон и на државништвото на Де Гол. Можеби не треба толку да му се повладува на тој аргумент на статусната предност; можеби на етосот на овие организации им соодветствува некое посправедливо и подостоинствено решение од она да се скине конецот кај што е најтенок.

„Каде и да се вее, каде и да се развее во иднина знамето на слободата и независноста, таму ќе биде нејзиното (на Америка) срце, нејзините благослови и молитви“, проповедал Џон Адамс во годината на грчкото ослободување (1821).

„Во очите на Севишниот - им се обраќал Гледстон на избирачите во 1880 година - светоста на животот во едно планинско село во Авганистан е исто така неприкосновена како и светоста на вашите животи“.

Каде стоиме, сите инволвирани, со спорот за името, во распонот меѓу законот на конецот и овие возвишени завети?

(АВТОРОТ Е УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОР ВО ПЕНЗИЈА, А ТЕКСТОТ Е ИЗЛАГАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА БПК „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПАТОТ КОН ЕУ И НАТО“ ОДРЖАНА ВО ОХРИД, 20-21.2.2009)